multicultural health communication

NSW GOVERNMENT Health

Macedonian
[DOH-7155]

# Што е тоа стафилококус ауреус отпорен на метицилин?

## What is Methicillin Resistant Staphilococcus Aureus (MRSA)?

Стафилококус ауреус е бактерија што се наоѓа на кожата и во носот кај луѓето. Стафилококите се обично безопасни, но понекогаш можат да предизвикаат инфекција и сериозна болест.

Некои форми на стафилококите станале отпорни на антибиотикот метицилин, како и на други антибиотици што биле порано користени за лечење на инфекции. Инфекциите што ги предизвикува отпорната на метицилин бактерија стафилококус ауреус тешко се лечат затоа што повеќето од антибиотоците нема да ја убијат бактеријата.

**Како се добиваат инфекциите со стафилококи опорни на метицилин?**
Инфекција со стафилококи отпорни на метицилин можете да добиете во заедницата како и во болница или во некоја друга здравствена установа.

Стафилококите отпорни на метицилин, како и другите форми на стафилококи, можат да предизвикаат инфекција со тоа што ќе влезат во вашиот организам преку отворена, распукана кожа или во крвотокот. Луѓето кои што имаат здтавствени проблеми како дијабетис (шеќерна болест) или имаат ослабен имунитет – или имаат отворена рана, операција или воспаление на кожата (дерматит) – имаат поголема шанса да добијат инфекција со стафилококи.

Стафилококите отпорни на метицилин можат да предизвикаат:

- инфекции на кожата како чиреви и лишај (детски лишај);
- инфекција под кожата (целулит);
- посериозни инфекции на коските, крвта, белите дробови и други делови на телото.

**Како ќе знаете дека имате инфекција со стафилококи отпорни на метицилин?**
Докторот треба да земе брис или примерок од чиревите, раните или другите места каде што има инфекција. Овие примероци понатаму ќе се испратат во лабораторија за да се тестираат.

**Како се лечат инфекциите со стафилококи отпорни на метицилин?**
Инфекцијата со стафилококи отпорни на метицилин можеби ќе се лечи со специјални антибиотици. Други начини се со преврски и операција, во зависност од типот на инфекцијата. Докторот ќе ве посоветува за најдобриот начин на лечење за вашата инфекција.

**Како се шири инфекцијата со стафилококи отпорни на метицилин?**
Оваа инфекција може да се рашири со:

- допир или стискање на местото каде што се наоѓа инфекцијата, како чир или рана;
- употребување на извлакани пешкири, облека или постелнина што претходно биле користени од лице со инфекција со стафилококи опторни на метицилин;
- користење на средства за дотерување (бричење, чешлање и сл.) што претходно биле употребени од лице со инфекција со стафилококи отпорни на метицилин;
- невнимателно миење на рацете.

**Како можете да го спречите ширењето на инфекцијата со стафилококи отпорни на метицилин?**
Мијте ги рацете
Миењето раце е најважната работа што треба да се направи за да се спречи ширењето на инфекцијата со стафилококи отпорни на метицилин.

**Мијте ги рацете:**

- пред и после допирањето  или преврзувањето на инфицираното место;
- после одењето во клозет;
- после дување на носот;
- пред да почнете со фаќање или јадење храна;
- пред да започнете со работа околку новороденчињата;
- после фаќање или работење со неиспрана облека или постелнина.

**Како треба да си ги мијам рацете?**
Измијте ги темелно сите делови на дланката со сапун и протечна вода. Убаво исплакнете ги и избришете ги после миењето.

**Покријте ги чиревите и другите инфекции на кожата**
Преку ден покријте ги чиревите и другите инфекции на кожата со преврска отпорна на вода. Детето што има лишај (мали плускавици или рамни, со медова боја красти на кожата, предизвикани или од бактериите стафилококи или стрептококи) не треба да оди на училиште или во градинка додека не помине еден цел ден после почетокот на лечењето.

**Не ги употрбувајте заеднички следниве работи:**

- извалкани пешкири, облека или постелнина. Ако спиете заедно со некого во еден кревет, преврзете ги преку ноќ заразените делови на кожата или раните;
- средства за дотерување како ножички за нокти, пинцети, бричеви и четки за заби.

Исперете ги во машина пешкирите, облеката, постелнината и другите работи што можат да имаат на нив гној или бактреии стафилококи отпорни на метицилин. Не е потребна специјална температура за перење. Сушете ја облеката и постелнината на сонце, ако е можно, затоа што сончевата

светлина и топлина ги убива бактериите. Сиот прибор за јадење и садовите можат да се мијат нормално.

**Повеќе информации - Служби за народно здравје во НЈВ**
За повеќе информации обратете се кај вашиот лекар, локалната служба за народно здравје или во општественоиот здравствен центар – побарајте и во предниот дел на телефонскиот именик (White Pages) под насловот “NSW Governement”.

## Понатамошни информации – Државни служби за здравство во Нов Јужен Велс



**1300 066 055**

**www.health.nsw.gov.au**